Врз основа на член 66 став 2 и член 40 став 6 од Законот за вештачење („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.154/23), Основачкото Собрание на Комората на вештаци на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 25.09.2024 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ И ПОСТАПКА

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со Правилникот за дисциплинска одговорност и постапка се уредува дисциплинската одговорност, дисциплинските мерки, дисциплинските органи, дисциплинската постапка, застареност на гонење, извршувањето на дисциплинските одлуки, како и други прашања во врска со работењето на вештаците.

**Член 2**

Се смета дека вештакот не е одговорен за дисциплинска повреда се додека неговата одговорност не биде утврдена со правосилна одлука.

На вештакот не може да му биде изречена дисциплинска мерка за дисциплинска повреда која пред да биде сторена не била утврдена со Законот за вештачење.

Одговорноста за сторено кривично дело, односно прекршок не ја исклучува дисциплинската одговорност на вештакот.

**Член 3**

Дисциплинската постапка пред Дисциплинската комисија е итна.

**Член 4**

Вештакот против кого се води дисциплинската постапка има право на непосредно произнесување пред Дисциплинската комисија.

Вештакот има право во дисциплинската постапка да биде застапуван од лице кое тој ќе го овласти за застапување, а кое е должен самиот да го известува, и да обезбедува негово присуство на расправата.

# II. ДИСЦИПЛИНСКИ МЕРКИ И ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ

**Видови дисциплински мерки**

**Член 5**

За сторена дисциплинска повреда за вештакот може да му се изречат следниве дисциплински мерки:

1. јавна опомена;
2. парична казна;
3. привремено одземање на лиценца за вештачење, и
4. трајно одземање на лиценца за вештачење.

**Член 6**

Дисциплинската мерка јавна опомена ќе му се изрече на вештак ако:
- службените списи и податоци ги чува спротивно на прописите за архивско и канцелариско работење;
- го повреди должното почитување на странките и органите за надзор, и
- ги повреди одредбите од Статутот, Кодексот на етика на вештаците, професионалните стандарди и акти со кои се определени обврски за вештакот.

Дисциплинската мерка јавна опомена се става на огласната табла во седиштето на Комората на вештаци (во понатамошниот текст: Комората) и се објавува на веб страницата на Комората, 60 дена од денот на изрекувањето.

Дисциплинската мерка парична казна му се изрекува на вештакот ако:
- не плаќа редовно членарина;
- не посетува обука за континуирано стручно усовршување и
- го повреди тарифникот за награда за извршено вештачење (наплатува повеќе или помалку од утврдениот износ во тарифникот).

Дисциплинската мерка парична казна се изрекува во висина од две просечни месечни бруто плати исплатени во Република Северна Македонија во последните три месеци, чие плаќање може да се определи на најмногу шест еднакви месечни рати.

Ако со сторената дисциплинска повреда вештакот стекнал недозволена имотна корист, паричната казна може да се изрече најмногу во висината на двојниот износ на висината на таа корист.

Дисциплинската мерка привремено одземање на лиценца за вештачење во траење од три до шест месеци, му се изрекува на вештак кој повторно во текот на една календарска година ќе стори дисциплинска повреда за која е предвидено изрекување на парична казна.

Дисциплинската мерка трајно одземање на лиценцата за вештачење, се изрекува од страна на министерот за правда, а на предлог на Дисциплинската комисија, на вештак ако:

- нестручно или несовесно го врши вештачењето во спротивност со правилата на науката и струката, етичките норми и конфликт на интереси;
- ако преземе дејство за кое, во согласност со овој или со друг закон не смеел да го преземе;
- неоправдано најмалку двапати во тек на една календарска година отсуствува пред суд или пред јавен обвинител и пред друг државен орган кога е повикан и
- не постапи според одлуки, наредби и заклучоци на надлежен суд или орган.

**Член 7**

Во случај на повторно сторена дисциплинска повреда во период од една до пет години, се применува потешката казна, додека не се стигне до казната одземање на лиценцата за овластен вештак.

## III. ДИСЦИПЛИНСКИ ОРГАН

### 1. Дисциплинска комисија

**Член 8**

Во дисциплинската постапка во прв степен одлучува Дисциплинската комисија при Комората (во понатамошниот текст: Комисијата).

На седница на Собранието на Комората се избира листа од вештаци за можни членови за дисциплинските комисии.

Комисијата е составена од пет члена и нивни заменици од кои двајца члена и нивни заменици се од листата од став (2) на овој член и се вештаци од соодветната област. Еден член и негов заменик именува министерот за правда од редот на раководните државни службеници во Министерството за правда со стаж на правни работи повеќе од десет години по положен правосуден испит, еден член и негов заменик редовен професор од акредитиран Правен факултет во Република Северна Македонија и еден член и негов заменик-судија од основен суд на предлог на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Управниот одбор на Комората при изборот на составот на Комисијата именува претседател на Комисијата од редот на двајцата членови предложени од листата од став (2) на овој член.

Против одлуката на Дисциплинската комисија дозволена е жалба до министерот за правда

Против одлуката на министерот за правда дозволено е поведување на управен спор.

**Член 9**

Дисциплинската комисија е самостојна и независна во водењето на постапката и донесувањето на одлуките, а за својата работа одговара пред Собранието на Комората.

**Член 10**

Правата и должностите на Дисциплинската комисија и одговорноста за дисциплинските повреди на вештакот се уредуваат со Законот за вештачење, Статутот на Комората и овој Правилник.

**Член 11**

Членовите на Дисциплинската комисија не можат да бидат повикани на одговорност за одлуките кои ги донесуваат во текот на дисциплинската постапка.

## IV. ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА

**Член 12**

Дисциплинската постапка се поведува:

- по поднесена пријава од заинтересирано лице;
- по поднесена пријава на раководител на професионално одделение на барање на вештаците кои ги претставува, и
- кога органот за надзор утврдува постоење на основ за поведување на дисциплинска постапка.

**Член 13**

Пријавата за поведување дисциплинска постапка (во понатамошниот текст: пријава) содржи име и презиме на подносителот, факти и докази од кои се утврдува постоењето на дисциплинската повреда, а во неа особено се наведува:

- името и презимето на вештакот кој го изработил вештиот наод и мислење;

- објаснување на правниот интерес за поднесување на пријавата;
- основот и описот на дисциплинската повреда и
- предлог доказите врз основа на кои се заснова пријавата.

Кон пријавата се приложуваат доказите на кои таа се заснова.

**Член 14**

Пријавата се доставува до претседателот на Комората, кој наредниот ден од денот на приемот на пријавата свикува седница на Управниот одбор на која се именува еден редовен универзитетски професор од акредитираните Правни факултети во државата за член на Комисијата, а потоа преку систем на ждрепка се избираат двајца вештаци членови на Комисијата и нивни заменици од листата на можните членови на дисциплинските комисии од соодветната област на вештачење, со мандат за секој поединечен случај и истиот ден претседателот на Комората доставува до министерот за правда и Судскиот совет на Република Северна Македонија барање за именување на членови на Дисциплинската комисија и нивни заменици.

Управниот одбор именува еден од двајцата вештаци кои се членови на Комисијата за претседател на Комисијата.

Министерот за правда и Судскиот совет во рок од два дена од приемот на барањето од став (1) на овој член доставуваат имиња на именувани членови за Дисциплинската комисија и нивни заменици.

Претседателот на Комората, најдоцна наредниот ден од денот на доставеното известување од министерот за правда и Судскиот совет, свикува седница на Управниот одбор на која се конституира Дисциплинската комисија и на која се предава пријавата.

Вештакот против кого се поведува дисциплинска постапка не може да биде член на Дисциплинската комисија.

Член на Дисциплинската комисија не може да биде вештак на кој му е изречена дисциплинска мерка, се додека траат последиците од изречената мерка.

**Член 15**

Членовите на Дисциплинската комисија од редот на вештаците во рок од два дена изготвуваат писмен реферат по предметот и определуваат известител кој истиот го реферира пред членовите на Дисциплинската комисија.

Дисциплинската комисија врз основа на наводите, на истата седница може да одлучи да поведе дисциплинска постапка.

## Член 16

Дисциплинската комисија работи на седница.

Седниците се одржуваат во форма на расправа.

Расправата пред Дисциплинската комисија е јавна и се одржува во службените простории на Комората.

## Член 17

Расправата ја закажува претседателот на Дисциплинската комисија, а во негово отсуство заменик претседателот најдоцна во рок од пет дена од денот кога е реферирaн предметот пред членовите на Дисциплинската комисија.

На расправата се повикува вештакот, неговиот бранител доколку го има, сведоците, а по потреба и други лица.

Поканата за расправа се доставува најдоцна три дена пред денот на одржувањето на расправата.

Поканата за расправа содржи име и презиме на лицето кое се повикува, времето и местото на одржување на расправата, причината за повикување и својството на лицето кое се повикува во постапката.

Поканата за расправа до вештакот или друго лице се доставува по пошта или по електронски пат, доколку постојат услови за тоа.

## Член 18

Пред почетокот на расправата, претседателот на Дисциплинската комисија утврдува дали се присутни сите повикани лица и го проверува нивниот идентитет.

Расправата може да се одржи во отсуство на вештакот и неговиот бранител доколку уредно биле повикани, а отсуствуваат од неоправдани парични.

## Член 19

Кога се исполнети условите за одржување на расправата, претседателот на Дисциплинската комисија ја отвора расправата, му дава збор на членот-известител, на подносителот на пријавата, а потоа на вештакот или неговиот бранител, сведоците и другите повикани лица, при што се грижи за правилно водење на дисциплинската постапка.

Претседателот и членовите на дисциплинската комисија може да поставуваат прашања и да бараат објаснувања.

По усните изјаснувања, Дисциплинската комисија пристапува кон изведување на предложените докази.

Доказите се изведуваат со читање или со сослушување на сведоците, а доколку е потребно се одредува и вештачење.

Расправата по правило, завршува истиот ден кога е и започната.

Вештакот има право да се произнесе по сите докази изведени на расправата.

**Член 20**

За дејствијата преземени на расправата се составува записник.

Записникот го води лице кое го определува Претседателот на Дисциплинската комисија од редот на вештаците или секретарот на Комората.

Записникот содржи:

- состав на Дисциплинската комисија;
- местото и времето на одржување на седницата на Дисциплинската комисија;
- предложени и издвоени докази;
- текот на гласањето и донесувањето на одлуката и
- издвоените мислења, доколку ги има.

Записникот го потпишуваат сите членови на Дисциплинската комисија и записничарот.

Записникот за советувањето и гласањето се затвора во посебна обвивка, а може да го разгледа само министерот за правда кој одлучува по жалба.

## V.ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ

**Член 21**

Дисциплинскиот орган од член 8 од овој Правилник своите одлуки ги донесува во форма на решение.

Одлуките кои ги донесува Дисциплинската комисија, ги потпишува претседателот на Дисциплинската комисија, а во негово отсуство неговиот заменик, а истите се заверуваат со печат и штембил на Комората.

При изрекувањата на дисциплинските мерки се земаат предвид тежината на повредата, последиците од таа повреда, степенот на одговорност на вештакот, околностите под кои е сторена повредата, поранешното негово однесување, како и другите олеснителни и отежителни околности.

Решението за изрекување на дисциплинската мерка содржи:

- вовед во кој се наведува кој и кога ја донел одлуката, по повод чија одговорност и во врска со чиј предлог;

- изрека, во која се внесува видот на изречената дисциплинска мерка и краток опис на повредата за која вештакот е одговорен;
- образложение, во кое се наведува кои факти и врз основа на кои докази се утврдени, каква е оценката на изведените докази и кои околности се земени предвид при изрекувањето на мерката и
- правна поука.

**Член 22**

Дисциплинската комисија донесува:
- решение за отфрлање на пријавата за дисциплинска одговорност на вештакот;
- решение со кое вештакот се ослободува од дисциплинската одговорност дека сторил дисциплинска повреда;
- решение со кое вештакот се огласува за виновен за сторена дисциплинска повреда и му се изрекува соодветна дисциплинска мерка и
- решение со кое вештакот се огласува за виновен за сторена дисциплинска повреда и изрекува дисциплинска мерка трајно одземање на лиценца по добиено одобрение од министерот за правда.

Министерот за правда одлучува за предлог мерката на Дисциплинската комисија во рок од осум дена од денот кога му е доставена предлог одлуката на Дисциплинската комисија.

**Член 23**

Решението од член 22 на овој Правилник се доставува до подносителот на пријавата и вештакот, а предметот со сите списи се предава на Претседателот на Комората.

**Член 24**

Против одлуката на Дисциплинската комисија вештакот односно подносителот на пријавата, има право на жалба до министерот за правда во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката.

Против одлуката на Дисциплинската комисија од член 22, став (1) алинеја 4 од овој Правилник, вештакот има право да поведе управен спор пред Управен суд.

Жалбата го одлага извршувањето на решението за изречена мерка до донесување на конечната одлука.

Министерот за правда е должен одлуката по жалба да ја донесе во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата.

Вештакот односно подносителот на пријавата, кога не е задоволен со одлуката донесена по жалба или кога не е донесена одлука по жалба во рокот од ставот 3 на овој член, може да поведе управен спор.

## VI. ЗАСТАРЕНОСТ

**Член 25**

Рокот на застареност за поведување на дисциплинската постапка изнесува една година од дознавањето на дисциплинската повреда, но не повеќе од три години од денот на сторување на повредата.

Прекин на застареноста настапува со преземање на секое процесно дејствие што се презема заради поведување на дисциплинската постапка за сторена дисциплинска повреда.

Застареноста за поведувањето на постапката за дисциплинска повреда настапува во секој случај по истекот на три години од денот на сторената дисциплинска повреда.

## VII. ИЗВРШУВАЊЕ НА ДИСЦИПЛИНСКИ ОДЛУКИ

**Член 26**

Правосилните одлуки донесени во дисциплинската постапка ги извршува Управниот одбор.

Правосилните дисциплински одлуки за изречената парична казна и за трошоците на постапката имаат сила на извршна исправа. Средствата добиени со присилното извршување се уплатуваат на сметката на Комората, а може да се користат само за стручно оспособување во рамките на Комората.

Ако со правосилната дисциплинска одлука на вештакот му се изрекува мерка одземање на лиценцата, тогаш вештакот се брише од Регистарот на вештаци.

Комората води регистер на дисциплински постапки и изречени дисциплински мерки.

Мерката јавна опомена се брише од Регистарот по истекот на шест месеци, мерката парична казна по истекот на една година, а другите мерки по истекот на три години од изрекувањето.

Ако со правосилната дисциплинска одлука е изречена мерка привремено или трајно одземање на лиценцата на вештакот, министерот за правда ја доставува одлуката до Централниот регистар на Република Северна Македонија.

## VIII. НАГРАДА И НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИТЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА

**Член 27**

Наградата на членовите на Дисциплинската комисија и надоместокот на трошоците се определува со Правилник за висината и наградата и надоместокот на патните трошоци, кој го донесува Управниот одбор.

**Член 28**

Поднесителот на пријавата е должен да ги авансира трошоците за дисциплинската постапка на сметката на Комората.

На подносителот на пријавата му се враќаат уплатените авансни трошоци, доколку против одлуката на Дисциплинската комисија со која е изречена дисциплинска мерка на овластениот проценувач не е изјавена жалба или по изјавената жалба министерот за правда донел одлука со која ја потврдил одлуката на Дисциплинската комисија, а трошоците на постапката паѓаат на товар на вештакот.

Сите поднесени пријави и донесени одлуки се евидентираат во Регистарот на дисциплински постапки и изречени мерки на Комората.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 29**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Скопје
25.09.2024 г.

Собрание на Комората на вештаци
на Република Северна Македонија

застапник/претседател

__________________________

Виктор Камнар